# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 11
31 јули 2026 година

С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 515. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 770 |
| 516. | Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 770 |
| 517. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за дел од КП 4553/7 (нова состојба КП 4553/16) за КО Штип 3. | 771 |
| 518. | Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за дел од КП 4553/7 (нова состојба КП 4553/16) за КО Штип 3. | 771 |

| | | |
|---|---|---|
| 519. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за дел од КП 4553/10 (нова состојба КП 4553/18) за КО Штип 3. | 773 |
| 520. | Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за дел од КП 4553/10 (нова состојба КП 4553/18) за КО Штип 3. | 773 |
| 521. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за санирање на штета од невреме. | 774 |
| 522. | Одлука за одобрување финансиски средства за санирање на штета од невреме. | 775 |
| 523. | Решение за објавување на Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредност на недвижности според зоните (макролокација). | 776 |
| 524. | Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредност на недвижности според зоните (макролокација). | 776 |
| 525. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт измена и дополнување на текстуален и нумерички дел од Генерален урбанистички план на град Штип, општина Штип (плански период 2014 – 2029). | 777 |
| 526. | Одлука за утврдување на нацрт измена и дополнување на текстуален и нумерички дел од Генерален урбанистички план на град Штип, општина Штип (плански период 2014 – 2029). | 778 |
| 527. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт план за измена и дополнување на Блок 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми, Општина Штип. | 779 |
| 528. | Одлука за утврдување на нацрт план за измена и дополнување на Блок 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми, Општина Штип. | 779 |
| 529. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. ,,Брегалничка” и новопланирани улици за ДУП за населба Балканска). | 780 |
| 530. | Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. ,,Брегалничка” и новопланирани улици за ДУП за населба Балканска). | 781 |
| 531. | Решение за објавување на Одлука за статусна промена- припојување на општинска јавна установа за деца – детска градинка „Астибо“- Штип со јавната установа за деца општинска детска градинка „Вера | 782 |

| | | |
|---|---|---|
| | Циривири Трена“- Штип. | |
| 532. | Одлука за статусна промена- припојување на општинска јавна установа за деца – детска градинка „Астибо“- Штип со јавната установа за деца општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“- Штип. | 782 |
| 533. | Решение за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Штип за 2026 година. | 784 |
| 534. | Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Штип за 2026 година. | 784 |
| 535. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на одлуката за статусни измени на општинското основно училиште „Гоце Делчев“ Штип. | 785 |
| 536. | Одлука за измена и дополнување на одлуката за статусни измени на општинското основно училиште „Гоце Делчев“ Штип. | 786 |
| 537. | Решение за објавување на Реонизација на јавните основни училишта на територијата на општина Штип. | 787 |
| 538. | Реонизација на јавните основни училишта на територијата на општина Штип. | 787 |
| 539. | Решение за објавување на Програма за дополнување на програмата за еднакви можности на општина Штип за 2026 година. | 792 |
| 540. | Програма за дополнување на програмата за еднакви можности на општина Штип за 2026 година. | 792 |
| 541. | Решение за објавување на Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие„Исар“- Штип. | 793 |
| 542. | Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие „Исар“- Штип. | 794 |
| 543. | Решение за објавување на Програма за дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2026 година. | 795 |
| 544. | Програма за дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2026 година. | 795 |
| 545. | Наредба (инспекциски акт) ИП.1.бр.23-282 од 24.07.2026 година | 796 |

515.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5302/2 | Општина Штип
31 јули 2026 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

516.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на

- Павел Миленковски во висина од 30.000,00 денари,
- Наил Парлапанов во висина од 8.000,00 денари,
- Миле Серафимов во висина од 8.000,00 денари,

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 5302/1
30 јули 2026 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

517.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ЗА ДЕЛ ОД КП 4553/7 (НОВА СОСТОЈБА КП 4553/16) ЗА КО ШТИП 3

I

Се објавува Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за дел од КП 4553/7 (нова состојба КП 4553/16) за КО Штип 3.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5303/2
31 јули 2026 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

518.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ ” број 05/02), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општина Штип ” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), а во врска со член 10 , член 11 и член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (“Службен весник на РМ ” број 95/12,

131/12. 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16, 122/21 и 111/23), Советот на Општина Штип на седница одржана на 30 јули 2026 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ЗА ДЕЛ ОД КП 4553/7
( НОВА СОСОТОЈБА КП 4553/16 ) ЗА КО ШТИП 3

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за експропријација (воспоставување право на службеност) за дел од КП 4553/7, (Нова сосотојба КП 4553/16) за КО Штип 3, со површина која изнесува 127 $м^2$ од 241 $м^2$ , за реализација на јавен интерес од локално значење предвиден со УП за крак на ул. “ ПАРТИЗАНСКА” за КО Штип 3.

Член 2

Висината на надоместокот за експропријација на градежно неизградено земјиште од член 1 на оваа Одлука изнесува 4.105,00 денари за 1$м^2$ или вкупно 521.335,00 денари за површина која е предмет на експропријација.

Висината на надоместокот за површината која е предмет на експропријација е утврден со Извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот бр. 17-5196/1 од 23.07.2026 година.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот бр. 17-5196/1 од 23.07.2026 година.

Член 4

Средствата за реализација на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип предвиден за 2026 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 5303/1
30 јули 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

519.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ЗА ДЕЛ ОД КП 4553/10 (НОВА СОСТОЈБА КП 4553/18) ЗА КО ШТИП 3

I

Се објавува Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација за дел од КП 4553/10 (нова состојба КП 4553/18) за КО Штип 3.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5304/2
31 јули 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

520.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ ” број 05/02), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21 ), а во врска со член 10 , член 11 и член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (“Службен весник на РМ ” број 95/12, 131/12. 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16, 122/21 и 111/23), Советот на Општина Штип на седница одржана на 30 јули 2026 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА ЗА ДЕЛ ОД КП 4553/10
( НОВА СОСТОЈБА КП 4553/18) ЗА КО ШТИП 3

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за експропријација (воспоставување право на службеност) за дел од КП 4553/10 (Нова сосотојба КП 4553/18) за КО Штип 3, со површина која изнесува 102м$^2$ од 201 м$^2$ , за

реализација на јавен интерес од локално значење предвиден со УП за крак на ул. “ПАРТИЗАНСКА” за КО Штип 3.

Катастарската парцела од став 1 од овој член е со право на сопственост на 2 (две) лица утврдено со лист А во Имотен лист број 83105 за КО Штип 3.

Член 2

Висината на надоместокот за експропријација на градежно неизградено земјиште од член 1 на оваа Одлука изнесува 4.105,00 денари за 1м$^2$ или вкупно 418.710,00 денари за површина која е предмет на експропријација.

Висината на надоместокот за површината која е предмет на експропријација е утврден со Извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот бр. 17-5196/1 од 23.07.2026 година.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е и Извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот бр. 17-5196/1 од 23.07.2026 година.

Член 4

Средствата за реализација на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип предвидени за 2026 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Штип”.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 5304/1 | Совет на Општина Штип |
| 30 јули 2026 година | Претседател |
| Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р. |

521.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА САНИРАЊЕ НА ШТЕТА ОД НЕВРЕМЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за санирање на штета од невреме.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5305/2
31 јули 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

522.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА
САНИРАЊЕ НА ШТЕТА ОД НЕВРЕМЕ

Член 1

Се одобруваат финасиски средства на општинските јавни установи детската градинка ,,Вера Циривири Трена” клон ,,Пчелка” и ООУ ,,Ванчо Прќе” – Штип.

Во износ од 161.590,00 денари на детската градинка ,,Вера Циривири Трена” за клон ,,Пчелка” и 228.250,00 денари на ООУ ,,Ванчо Прќе” – Штип.

Член 2

Средствата за од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5305/1
30 јули 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

523.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНОСТИ СПОРЕД ЗОНИТЕ (МАКРОЛОКАЦИЈА)

I

Се објавува Одлука за изменување на одлуката за утврдување на вредност на недвижности според зоните (макролокација).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5306/2
31 јули 2026 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

524.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03,18/07,11/08,07/09,16/09 и 04/11), а во врска со член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижниот имот(„Службен весник на РМ“ број 54/12,17/13 и 23/13), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНОСТИ СПОРЕД ЗОНИТЕ (МАКРОЛОКАЦИЈА)

Член 1

Членот 4 од Одлуката за утврдување на вредност на недвижности според зоните (макролокација) број 08-8109/1 од 20 декември 2024 година објавена во службен гласник на Општина Штип број 17/24 од 20.12.2024 и измена на одлуката за утврдување на вредност на недвижности според зоните (макролокација) број 08-7716/1 од 18.11.2025 објавена во службен гласник 19/25 се менува и гласи:

„Макролокација за станбени куќи,станбени згради,деловни згради,деловни простории,административни згради и административни простории,згради и станови за одмор и рекреација во населбите „Сењак 1, 2, 3, 4“ „Пребек“ индустриски дел до обиколница по Гуп, „Исар“ горен дел, „Ново Село“ долен дел, „Радански Пат“ , се утврдува како имот во зона 6 и изнесува 350 евра по $м^2$ функционална површина“

Член 2

Членот 8 од Одлуката за утврдување на вредност на недвижности според зоните (макролокација) број 08-8109/1 од 20 декември 2024 година објавена во службен гласник на Општина Штип број 17/24 од 20.12.2024 се менува и гласи:
„ Макролокација за станбени куќи,станбени згради,деловни згради,деловни простории,административни згради и административни простории,згради и станови за одмор и рекреација кој се наоѓа на просторот со граници„ од југозапад детален урбанистички план нас.Кежовица“ „ од северозапад детален урбанистички план на населба Пребег 2“ „ од север основен урбанистички план за дел од Пребег“ „ од североисток детален урбанистички план за урбана единица 55, 56 (зона за образование и работна зона –Пребег)“ „ од југоисток осовина на река Брегалница“ како и останатиот простор околу градот се утврдува како имот во зона 11 и изнесува 120 евра по $м^2$ функционална површина.“

Член 3

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“

| | |
|---|---|
| Број 08 – 5306 /1 | Совет на Општина Штип |
| 30 јули 2026 година | Претседател |
| Штип | Весна Кожинкова, с.р. |

525.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕКСТУАЛЕН И НУМЕРИЧКИ ДЕЛ ОД ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 – 2029)

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт измена и дополнување на текстуален и нумерички дел од Генерален урбанистички план на град Штип, општина Штип (плански период 2014 – 2029).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5307/2
31 јули 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

526.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦТ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕКСТУАЛЕН И НУМЕРИЧКИ ДЕЛ ОД ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 – 2029)

Член 1

Се утврдува нацрт на измена и дополнување на текстуален и нумерички дел од Генерален урбанистички план на град Штип, општина Штип (плански период 2014 – 2029).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5307/1
30 јули 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

527.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ПЛАН
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 1 ОД УПС ТРИ ЧЕШМИ,
КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт план за измена и дополнување на Блок 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми, Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5308/2 Општина Штип
31 јули 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

528.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ПЛАН ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
БЛОК 1 ОД УПС ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Предлог – Одлука за утврдување на нацрт план за измена и дополнување на Блок 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми, Општина Штип.

Изготвен од изработувачот друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги ,,УРБАН ПЛАННЕР” ДООЕЛ Гостивар со технички број 03 – УПС/2026.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Стручна ревизија

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5308 /1
30 јули 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

529.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СЕ 02.02
ОД ГУП НА ГРАД ШТИП (ПЛАНСКИ ОПФАТ: УЛ. ,,БРЕГАЛНИЧКА”
И НОВОПЛАНИРАНИ УЛИЦИ ЗА ДУП ЗА НАСЕЛБА БАЛКАНСКА)

I

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт детален урбанистички план за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. ,,Брегалничка” и новопланирани улици за ДУП за населба Балканска).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5309/2
31 јули 2026 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

530.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ СЕ 02.02, ОД ГУП НА ГРАД ШТИП (ПЛАНСКИ ОПФАТ: УЛИЦА БРЕГАЛНИЧКА И НОВОПЛАНИРАНИ УЛИЦИ ОД ДУП ЗА НАСЕЛБА БАЛКАНСКА)

Член 1

Се утврдува Нацрт-План на детален урбанистички план за дел од четврт СЕ 02.02, од ГУП на град Штип (плански опфат: улица Брегалничка и новопланирани улици од ДУП за населба Балканска) изготвен од изработувачот Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги Урбан-планер дооел Гостивар со технички број 02-26.

Член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Стручна ревизија

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5309 /1
30 јули 2026 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

531.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА СТАТУСНА ПРОМЕНА- ПРИПОЈУВАЊЕ НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“- ШТИП СО ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“- ШТИП

I

Се објавува Одлука за статусна промена- припојување на општинска јавна установа за деца – детска градинка „Астибо“- Штип со јавната установа за деца општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“- Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 09- 5310/2 | Општина Штип |
| 31 јули 2026 година | Градоначалник |
| Ш т и п | Иван Јорданов, с.р. |

532.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 34 од Законот за установите , („Службен весник на РМ“ бр.32/05, 120/05 и 51/11 и Службен весник на РСМ број 99/22) Советот на Општина Штип, на својата седница одржана на 30 јули 2026 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА СТАТУСНА ПРОМЕНА- ПРИПОЈУВАЊЕ НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“- ШТИП СО ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“- ШТИП

Член 1

Се врши статусна промена- припојување на Општинска јавна установа за деца – детска градинка „Астибо“- Штип со Јавната установа за деца општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“- Штип.

Член 2

По извршеното припојување, ОЈУДГ „Астибо“-Штип престанува да постои како посебен правен и се брише од Централниот регистар на РСМ.

Установата продолжува со тработа како единствен правен субјект под деловното име **Јавната установа за деца општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“- Штип.**

Член 3

ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип е целосен правен следбеник на двете установи што се спојуваат. Таа во целост ги презема сите права, обврски, побарувања , како и целокупниот подвижен и недвижен имот и средства за работа на ОЈУДГ „Астибо“-Штип.

Член 4

ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип ја продолжува и проширува дејноста во вкупно 10 (десет) работни единици (објекти), кои функционираат како нејзини подружници на територија на Општина Штип и тоа:

*Матичен објект „Другарче“ кој е лоциран на ул.„Христијан Крпош“ ББ

*Објект „Росица“ кој се наоѓа во населба Ново Село ул. „Крсте Мисирков“ ББ

*Објект „Развигорче“ кој се на оѓа во населба Автокоманда ул. „Браќа Даневи“ бр.

*Објект „Пчелка“ кој се наоѓа во централното градско подрачје ул. „Цветан Димов“ бб

* Објект „Ѕвезда“ - просторија во други просторни услови во ООУ „Гоце Делчев“ коесенаоѓавоприградската населба Три Чешми

* Објект „Астибо “ кој е лоциран на ул. „ Д-р Слободан Јовановски “ бр.5;

* Објект „Цветови“ кој се наоѓа во населба 8ми Ноември на ул„Булевар ЈНА“ бб;

* Објект „Сончогледи“ кој се наоѓа во населба Сењак на ул. „Сремски фронт“бб

* Објект „ Бамби“ кој се наоѓа во населба Бамби на ул. „Антон Панов“ бр. бб

* Објект „Виножито“ кој се наоѓа во населба Сењак 4 на улица „Анте Банина“ бр. 1

Член 5

ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип ги презема сите вработени од ОЈУДГ „Астибо“-Штип на денот на статусната промена, во затекнатата состојба и со сите нивни стекнати права и обврски од работен однос.

Член 6

Се овластува актуелниот директор/ вршител на должност директор на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип, во име на установата да ги спроведе сите потребни правни и административни дејствија за запишување на статусната промена во Централен Регистар на РСМ и пред другите надлежни институции.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува по добивање на согласност од Министерство за социјална политика демографија и млади.

Број 08 – 5310 /1
30 јули 2026 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

533.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Штип за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5311/2
31 јули 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

534.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02 и “Службен весник на РСМ” број 202/24 ) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), а во врска со член 34 став 4 и 5 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ” број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на РСМ” 151/21 и 3/25), Советот на Општина Штип на шеснаесетата седница одржана на 30 јули 2026 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Штип за 2026 година на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ј30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | | |
| 464990 Други трансфери | - | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЈD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | - | 2.000.000 | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **ЈG0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | | |
| 461130 Субвенции за јавни комунални претпријатија | + | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Штип” и станува составен дел на Буџетот на општината за 2026 година.

Број 08 – 5311 /1
30 јули 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

535.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАТУСНИ ИЗМЕНИ НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

I

Се објавува Одлука за измена и дополнување на одлуката за статусни измени на општинското основно училиште „Гоце Делчев“ Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5312/2
31 јули 2026 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

536.

Врз основа на член 34 ставови (1) и (2) од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22), член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 21 став 1 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ бр.01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАТУСНИ ИЗМЕНИ НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

член 1

Во членот 1 од одлуката за статусни измени на Општинското Основно училиште Гоце Делчев Штип (Службен гласник на општина Штип број 9/26) по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

Подрачните училиште на ООУ „Гоце Делчев“ Штип во населба „Три Чешми“ и село Шашаварлија ќе продолжат да функционираат во склоп на ООУ „Гоце Делчев“ Штип во периодот до целосно припојување на централното ООУ „Гоце Делчев“ Штип, по што ќе преминат во склоп на ООУ „Тошо Арсов“ Штип.

Подрачните училишта согласно наведеното ќе продолжат нормално со воспитно-образовни активности и запишување на ученици во сите одделенија.

член 2

Членот 3 од одлуката се менува и гласи:

„Припојувањето ќе се изврши фазно, во следните пет учебни години, согласно членот 2 од оваа одлука, преку преземање на вработените од

наставниот кадар, административната служба, стручната служба и помошно-техничката служба во во другите образовни институции.

член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5312 /1
30 јули 2026 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

537.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕОНИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Реонизација на јавните основни училишта на територијата на општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5313/2
31 јули 2026 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

538.

Врз основа на член 46 став 5 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ“ број 161/19, 76/20, 229/20, 3/25, 74/25), и член 22 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл Весник на РМ“ број 05/02 и 202/24) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип “ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21)

Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година, донесе:

## Р Е О Н И З А Ц И Ј А
## НА ЈАВНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
## НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

На територијата на општина Штип, се предлага да се утврдат 12 реони на општинските основни училишта во кои се запишуваат деца во прво одделение со цел за сеопфатно и задолжително образование и тоа:

### 1. РЕОН НА ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“

**1.1. Реон на ООУ „Ванчо Прке“ - Штип - матична зграда**

Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат :

-Населбите и урбаните заедници на левата страна на река Отиња, на потегот од месностите: Каваклија, Суитлак, Пчеларник, Кулите, сé до мостот на црквата Св. Никола;

- Од десната страна на реката Отиња ги опфаќа: сите улици во реонот Исар, до мостот на реката Брегалница на улицата „Гоце Делчев“, потоа од почетните броеви на ул. „Партизанска“ и тоа од 1 до 31 непарни броеви и од 2 до 52 парни броеви, сé до крстосницата на Дујле, со ул.„29 Ноември“, ул.„Тодор Чучков“, ул.„Никола Чаулев“, ул. „9 Мај“; ул.„Сане Георѓиев“, ул.„Борис Кидрич“;

Од крстосницата Дујле (заклучно со ул. „Партизанска“ бр.52) во правец на ул. „Лисец“ до вкрстосување со ул.„Иво Лола Рибар“, продолжува по ул.„Иво Лола Рибар“ која влегува со сите броеви, потоа ул. „Пиринска“, почетни броеви (освен кракот кој припаѓа на реонот на ООУ„Тошо Арсов“ и тоа од броевите 118 до крајот на улицата, потоа улица „Вардарска“, ул. „Добре Радосавлев“ ул. „19 Бригада“, ул. „Карл Мркс“ ул. „15 Корпус“.

Ул. „Сутјеска“ од бр. 1 до бр. 48 во правец на Градскиот пазар.

Улицата „Христијан Карпош“ влегува комплетно со сите броеви на потегот од ЈЗУ Здравствен дом „д-р.Панче Караѓозов“, продавницата ГТМ, црвените кули, зградата на Боем продолжува нагоре и се поврзува со ул.„Еврејска“ (цела);

-Од студиото „Диор“ опфатот продолжува со улиците „Стојан Рибата“, ул. „Вера Циривири“, „Славчо Стојменски“, „Трст“, улица „Еврејска“, ул.„ Питу Гули“, ул. „11 Октомври“.

Во реонот на ООУ „Ванчо Прке“ се опфатени и: улицата „Черења“ (поранешен Радански Пат) до броевите 141-142, потоа улиците “ Цар Самоил“ – цела, и „Али Асанов“ (поранешна „Косовска“) - до Радио Черења, односно до бр. 220. (големите броеви од поранешна ул.„Косовска“ припаѓаат на ООУ„Димитар Влахов“), и улиците „Сремска“ и „Солунска“

Во централно градско подрачје се улицата „Кирил и Методиј“, ул.„Ванчо Прке“ (до последната зграда на ул.„Ванчо Прке“ – згради Кубус позади

Трговскиот центар во правец на судскиот мост);

-Десната страна на река Отиња, „Кеј Маршал Тито“ во правец кон нас. Леваци, стариот градски пазар, ул.„Коле Неделковски“, ул.„АСНОМ“ (куќи со парни броеви до бр. 80 и непарни броеви до број 51), ул.„Кукуш“, ул.„Фирус Демир“, ул .„Киро Аџиарсов“, ул.„Боро Милевски“ (населбата Леваци-целосно), ул. „Коле Крупишки“ (дел), ул. „Киро Колешников“ (дел).

**1.2.Реон на ООУ „Ванчо Прке“- Штип - Подрачно училиште во Ново Село**
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во нас. Ново Село од левата и десната страна на река Отиња се до мостот пред црквата „Св. Никола“ и целиот реон на Бања Кежовица).

**1.3. Реон ан ООУ „Ванчо Прке“ - Штип, Подрачно училиште во с. Селце**
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во селата: Селце, Софилари, Пенуш и Драгоево).

**1.4.Реон на ООУ „Ванчо Прке“ - Штип подрачно училиште во с. Лакавицца**
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во селата: Лакавица, Лесковица, Пиперово, Брест, Шопур, Танатарци, Горачино, Љуботен, Балталија, Степанци, Пухче и Суво Грло).

2. **РЕОН ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**2.1 Реон на ООУ „Гоце Делчев“ - Штип Подрачно училиште нас. Три Чешми**
(Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во нас. Три Чешми (ул. „Ваташка“, „Крагујевачка“, „Сплитска“), селата; Криви дол, Варсаково, Сарчиево, Сушево, Добрашани и Тестемелци).

**2.2.Реон на ООУ „ГоцеДелчев“ - Штип - Подрачно училиште во с. Шашаварлија**
(овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во с. шашаварлија и с. Никоман).

3. **РЕОН ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ - ШТИП**

**3.1.** Ул.„ Черења“ (поранешна Радански пат) која ги опфаќа броевите парни над 114 и непарни над 113, продолжува во правец на потегот каде се вкрстува ул. „Али Асанов“ (поранешна „Косовска“), која влегува во реонот на ова училиште со големи броеви над 220 и продолжува со ул. „Киро Кукушев“ (цела) и ул.АСНОМ со броевите над 80, дел од улиците „Киро Колешников“ и „Коле Крупишки“ (позиција каде се разграничуваат реоните на ООУ„Димитар Влахов“ и ООУ„ Ванчо Прке“) Во реонот на ООУ „Димитар Влахов“ влегува цела улица „Широк Дол“, и ул „Панче Караѓозов“; Понатаму во реонот влегуваат и куќите на потегот кон црквата Св Недела улица Панко Брашнаров (цела), ул.„Димитар Двојаковски“ (цела); ул.„Коле Златев“ (цела); и Шашаварлиски пат.

Населба Дузлак (цела) со улиците: „Драги Крупишки“, „Скопска“, „Загребачка“, „Кратовска“, „Белградска“, „Радовишка“, „Виничка“, „Кочанска“, „Светиниколска“, „Леринска“, „Егејска“, „Кривопаланечка“ и „Струмичка“, месноста Дузлачки рид со улиците: ул.„8 Април“, ул.„Кирчо Димитров“, ул. „Серска“, ул.„Зрново“; ул.„Драмска“, ул.„Неврокопска“, ул.„Пожарска“, ул.„Пустец“ и населбата Сончев Град со ул.„Македонски Бранители.“

Дел од улица „Солидарност“- конкретно-парни броеви од 72 заклучно со 82. Од крстосницата под црквата „Св.Климент Охридски“ меѓу ул.„Солидарност“ и ул. „Сремски Фронт“, реонот продолжува нагоре на потегот кон нас. Сењак од каде ул.„ Сремски фронт“ влегува со непарни броеви од број 7 до крај и парни броеви од број 14 до крај;

Ул.„Цвета Јованова“(цела), ул.„5 Конгрес“ (парни броеви) , ул.„5 Партиска Конференција“ (цела) , ул.„Никоманска“ (цела), ул. „Плачковички одреди“ (цела).

Улиците „Нобелова“, „Товарник“ и ул. „Кајгана“, ул. „Борис Крајгер“, ул. „Џемал Бједиќ“ и другите улици во непосредната близина на училиштето-ул. „Ванчо Икономов“, „11 март“, „Митрашинска“, „Дуго Село“ и „Воденска“ (цели);

Реонот на ООУ„Димитар Влахов“ со ООУ„Тошо Арсов“ се разграничува на потегот под Спортската сала „ Јордан Мијалков“ на ул.„ Борис Крајгер“ кој продолжува во правец кон ул.„Анте Банина“ со броевите од 1 до 14, ул.„Сајбие Демир“ (која влегува со парни броеви) и ул.„ Митко Недев“ од бр.1 до бр.14 и ја опфаќа ул. „Ѓорѓи Петров“(цела).

## 4. РЕОН ООУ „ТОШО АРСОВ“ - ШТИП

### 4.1. Реон на ООУ „Тошо Арсов“ - Штип - матична зграда

Овој Реон ги опфаќа учениците што живеат:

-цела населба „8 Ноември“;

-ул. „Партизанска“ сите броеви од 47 до крајот;

-Потегот од кружниот тек „Дујле“ по ул. „Партизанска“, го орфаќа кракот што го прави со ул.„Пиринска“ кој започнува од кружниот тек и продолжува кон зградата на Територијалната противпожарна единица, опфаќајќи ги новите згради над трговскиот центар и околу бензинската пумпа на Макпетрол како и зградите кај влезот на дистрибуција со бр. 75 до бр. 83 понатаму кон кружниот тек на вкрстувањето на ул. „Сремски Фронт“, ул.„ Пиринска“ и ул.„ Сутјеска“. Во реонот на ООУ „Тошо Арсов“ влегува улицата „ 4 Јули“

-Продолжува по ул.„Сремски фронт“ (почетните броеви, односно зградите меѓу ул.„Сремски Фронт ул.„Солидарност“ и ул„Браќа Даневи“) до вкрстувањето со ул.„Солидарност“, продолжувајќи кон ул.„7 Конгрес“ (цела) па сé до вкрстувањето со ул.„Партизанска“;

-Реонот продолжува со дел од населбата Сењак 4, од новиот кружен тек на ул.„Партизанска“ по улицата „Борис Крајгер“ нагоре, ја сече улицата под спортската сала „Јордан Мијалков“ и продолжува по ул.„Сајбие Демир“ (која влегува со почетните непарни броеви, односно згради со бр.1,2 и 3) продолжува и се вкрстува со ул.„ Анте Банина“ (од бр. 16) и со ул.„Митко Недев“(од бр.16) ул. „Ванчо Китанов“ (цела) се́ до вкрстувањето со ул.„Партизанска“ ;

-улица „Сутјеска“ од бр. 48 и непарни броеви од 43 околу магацинот на Југококта до крајот, односно до вкрстосувањето со ул.„Партизанска“ во правец кон Диспанзерот;

-нас. Пребег цела.

**4.2.Реон на ООУ „Тошо Арсов“ - Штип - Подрачно училиште нас. Македонка**
(Овој реон ги опфаќа учениците што живеат во нас. Македонка, Нас. Балканска и Нас. Железничка).

**4.3 Реон на ООУ „Тошо Арсов“ - Штип - подрачно училиште с. Чардаклија**
( Овој реон ги опфаќа учениците што живеат во с.Чардаклија.

**4.4 Реон ООУ „Тошо Арсов“ - Штип - Подрачно училиште с. Почивало**
( Овој реон ги опфаќа учениците што живеат во с. Почивало).

**5. РЕОН ООУ „СЛАВЕЈКО АРСОВ“ - ШТИП**

**5.1** Овој Реон ги опфаќа учениците што живеат во нас. Баби, во целост, која се граничи со Сењак и Дузлак.

Во реонот на ова училиште спаѓаат улиците: „Антон Панов“, „6 Април“,„Беровска“, „Богомилска“ ,Влатко Петров“, „Делчевска“, „Јајце“, „Јаким Арсовски“, „Крушевска Република“, „Кирил Пејчиновиќ“, „Крсто Митев“, „11 Конгрес“, „Лески“, „Мара Минанева“, „8 Март“ , „Никола Коперник“, „Никола Вапцаров“, „Пробиштипска“, „Руен“, „Ратко Јовановиќ“, „Михајло Пупин“ и „Марко Цепенков“.

**6.** Со донесување на оваа реонизација престанува да важи реонизацијата на јавните основни училишта на територијата на Општина Штип број 08-3571/1 од 29 април 2025 година.

**7.** Оваа реонизација влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Штип.

Број 08 – 5313/1
30 јули 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

539.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на програмата за еднакви можности на општина Штип за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5314/2
31 јули 2026 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

540.

Врз основа на член 14, став 2 и став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите Сл. Весник на Р. Македонија, бр. 6 од 13.01.2012 година, и вр основа на Статутот на Општина Штип,  и чл. 21 став 1,  точка 36 („Службен гласник на Општина Штип“  бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 15/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули  2026, донесе

ПРОГРАМА
ЗАДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА  ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во програмата за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година (Службен гласник на општина Штип број 1/26) по точка 11 се додава точка 12 која гласи: работен ангажман на жени кои кои живеат на територија на општина Штип и кои се во социјален ризик:

| | Проблеми/ ризици | Облици на доделув а-ње | Програма/ проект | Временр а- ење | Буџет на проек тот | Одгорворн и за имплемент а- ција | Извори на финансир а-ње | Индикат о-ри |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Потреба од економска помош и поддршка на жени во социјален ризик кои живеат на територија на Општина Штип | Ангажир ање на жени во социјале н ризик на проекти од јавен интерес преку соработк а со ЈУМЦСР –Штип и АВРМ – Штип | Интегрирањ е , помош и поддршка од заедницата на жени од ранилива категорија | Август- Декемвр и 2026 | 1.000. 000 денар и | Секретар на Општина Штип, Координат орка за еднакви можности, советник за детска и социјална заштита, | Буџет на Општина Штип | Број на жени ангажир ани во проекти од јавен интерес |

II

Програмата за еднакви можности на Општина Штип за 2026 година ќе се финансира со износ од 1.999.000.денари.

Број 08 – 5314 /1
30 јули 2026 година
Штип

Совет на општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

541.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ИСАР“ ШТИП

I

Се објавува Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие „Исар“ Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5315/2 — Општина Штип
31 јули 2026 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

542.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) Советот на Општина Штип на седница одржана на 30 јули 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА
## ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ИСАР“-ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука Општина Штип одобрува финансики средства за субвенционирање на Јавното претпријатие „Исар“-Штип за:

- Подмирување на тековни трошоци во износ од 10.000.000,00 денари (денари милиони денари)

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Општина Штип за 2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5315/1 — Совет на Општина Штип
30 јули 2026 година — Претседател,

Ш т и п — Весна Кожинкова, с.р.

543.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Штип за 2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5316/2 Општина Штип
31 јули 2026 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

544.

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" број 193/16 , 72/18 и 16/22) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 јули 2026 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2026 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 21/25), во делот

6. **Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата** во точка **7.2 Работи поврзани со уредување на градежно земјиште , реконструкција и рехабилитација на улици, водоводни и канализациони мрежи, тротоари , паркинзи и партерни уредувања,** во подточката
7.

**7.2.2 Изградба на улици нови улици, водоводи и канализации**
, се додаваат:

- изградба на сервисна улица ,,Новопланирана 1 ”, според ДУП за урбан четврт ЦЕ, Блок 3, од ГУП за град Штип, КО Штип – 1, КО Штип – 3 и КО Штип – 5.

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува до донесување на Програма за 2027 година.

Број 08 – 5316 /1
30 јули 2026 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

545.
**ИП.1 бр.23-282**
**24.07.2026 год.**
Број на градежен дневник 67/2026

Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќајот и патишта, при Општина Штип, преку Општински градежен инспектор Весна Зенделова со службена легитимација бр.330005, согласно член 68 став 1 од Законот за инспекциски надзор(бр.135/2025 и 269/2025), а во врска со чл.134ст.1 алинеја 1 и чл.137 од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 244/2019, 18/2020 и 279/2020, 96/21, 227/22,

111/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25 и 87/25), во врска со извршениот вонреден инспекциски надзор над работењето на субјктот на надзор НПОЗНАТ, со седиште НЕПОЗНАТО, а врз основа на фактичка состојба утврдена со Записник ИП 1 бр.23- 282 од 26.0462026 година ја донесе следната:

**НАРЕДБА**

(Инспекциски акт)

Се изрекува инспекциска мерка – НАРЕДБА на субјектот на на надзор НПОЗНАТ, со седиште НЕПОЗНАТО да преземе мерки, дејствија и активности за отстранување на констатираните недостатоци, односно должен е да преземе дејствија за отстранување во однос на:

- Да ја отстрани бесправно изградената градба – пробиен земјн пат со должина 114,5м и ширина 5,2м на дел од КП бр. 10434/1 и дел од КП бр. 10435 КО Штип 6 во површина од 595,4м².

2. Рок: 30 (триесет) дена од приемот на инспекцискиот акт, за наредбата под точка 1 и 60 (шеесет) дена за наредбата под точка 2.
3. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на диспозитивот на овој инспекциски акт е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на иснепкциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта (vesna.zendelova @stip.gov.mk), да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
4. Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на диспозитивот на овој инспецики акт , во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор , во износ од (износ на трошоците)___/___ денари, на жиро сметка број___/___.
5. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

**Образложение**

Одделение за градежен надзор и надзор над сообраќајот и патишта врз основа на чл.56, чл.57ст2, чл.79. ст 5 и чл.137 од Закон за градење (Сл.весник на РМ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 244/2019, 18/2020 и 279/2020, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25 и 87/25), чл.68 став 1 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РМ бр.135/2025 и 269/2025), допис - Препраќање на поднсок до надлежен јавен орган број 18-

3566/4 од 08.06.2026 година, примен на ден 11.06.2026 година и врз основа на Наредба за постапување, број 09-2219/8 од 22.06.2026 година, издаден од Градоначалникот на Општина Штип, а во согласност со член 58 став 1 од Законот за инспекциски надзор за кое нешто состави Записник за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.23-282 од 26.06.2026 година (со постапка за уредна достава со јавна објава согласно член 84 од Законот за општата управна постапка – 21.07.2026 година) во кој е констатирано:

При увидот налице место на предметната локација на лице место не беше затекнат никој, односно не се изведуваа градежни работи, па беше оставена покана за странка да лицето градител или инвеститор се јави во просториите на општински градежен инспектор во рок од 3 (три) дена.

По истекот на определениот рок, откакао никој не се јави во просториите на општински градежен инспектор, инспекцискиот надзор се спроведува по член 64 од ЗИН.

Се излезе на увид и се утврди следната фактичка состојба:

На дел од КП бр. 10434/1 и дел од КП бр. 10435 КО Штип 6 е пробиен земјен пат, со должина 114,5м и ширина 5,20м., односно зафаќа површина од 595,4м².

Извршен е увид во ГИС поралот на АКН и е констатирано дека КП бр. 10434/1 и КП бр. 10435 КО Штип 6 се запишана на ИЛ. бр. 16 како ГНЗ, во сопственост на Република Северна Македонија.

Дел од пробиениот земјен пат во должина од 83м’е изведен во опфат за кој е донесен Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 16.1 со намена Д3-теренски градби за спорт и рекреација од ДУП за дел од УЕ 16,17,19 и 22 Општина Штип, одобрен со потврда за заверка на урбанистички проект број 18-1725/3 од 24.03.2021 година. Трасата на пробиениот земјен пат не е предвидена со цитираниот урбанистички проект.

По службена должност е извршен увид во електронскит систем градежна дозвола и е констатирано дека на предметната локација нема водено постапка за добивање на соодветен управен акт согласно одредбите од Законот за градење.

Пробивањето на земјен пат на дел од КП бр. 10434/1 и дл од КП бр. 10435 КО Штип 6 со површина 595,4м², е изведен без соодветен управен правосилен акт согласно одредбите од член 59 од Законот за градење и претставува бесправна градба.

Врз основа на сето погоре наведено се изрече инспекциска мерка согласно член 68 став 1 од Законот за инспекциски надзор – наредба за отстранување на наведените недостатоци која ќе биде составен дел на овој записник:

- Да ја отстрани бесправно изградената градба – пробиен земјн пат со должина 114,5м и ширина 5,2м на дел од КП бр. 10434/1 и дл од КП бр. 10435 КО Штип 6 во површина од 595,4м².
- При водење на постапката општински градежен инспектор постапува во согласност со член 10, член 11 и член 14 од ЗИН.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекцискик акт.

---

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на инспекцискиот акт - наредба, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и нспекциски надзор во втор степен со доказ за платена административна такса (,,Службен гласник на Р,М.,,бр.17/93 и 88/08).

| | |
|---|---|
| Печат и потпис на инспекторот | Весна Зенделова д.и.а.с.р<br>Општински Градежен Инспектор Штип<br>сл.лег.бр. 330005 |
| Датум: | 24.07.2026год. |